## 1.2. Економска активност

***Невообичаено висок месечен пораст на индустриското производство во март 2003 година (44,9%)...***

Физичкиот обем на индустриското производство во март 2003 година оствари висок месечен пораст од 44,9%. Зголемување на индустриското производство во овој месец од годината е вообичаена појава, со оглед на поголемиот број работни денови во март во однос на февруари, како и поради сезонските активности поврзани со откупот и преработката на тутунот. Сепак, остварената месечна стапка на пораст на индустриското производство во март 2003 година е невообичаено висока и претставува највисока стапка регистрирана во овој месец од осамостојувањето на Република Македонија (за споредба, соодветните месечни стапки на пораст во периодот 1992 - 2002 година се движеле помеѓу 5% и 20,6%). Причина за високиот пораст во март 2003 година е ниската споредбена основа од февруари 2003 година, кога индустриското производство се задржа на ниското ниво од првиот месец од 2003 година. Следствено, во март 2003 година беше регистриран сеопфатен пораст на производствената активност.

Така, зголемување на производството е регистрирано кај сите главни групи на производи и во сите индустриски сектори. Најголем месечен пораст е регистриран кај производството на енергија (за 99,3%). Од секторите, преработувачката индустрија (како доминантен и најзначаен сектор) оствари висок месечен пораст на производството од 49,6%, кој главно се должи на зголеменото производство на нафтени деривати, производи од други неметални минерали, основни метали и тутунски производи. Производството во секторот вадење на руди и камен и во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода е зголемено за 65,1% и 5,2%, соодветно. Анализирано по гранки, месечен пораст на производството е остварен во 20 од вкупно 24 индустриски гранки.

Графикон 4
Динамика на индустриското производство
(во %)




***...што овозможи висока годишна стапка на пораст од 15,8% и просечна стапка на пораст од 3,5%***

Високиот месечен пораст на индустриското производство во март 2003 година детерминираше висока меѓугодишна стапка на пораст од 15,8%. Притоа, просечната стапка на пораст на индустриското производство во првиот квартал од 2003 година во однос на истиот период од минатата година достигна 3,5% (наспроти просечната стапка на пад регистрирана во првите два месеца од 2003 година). Носител на просечниот пораст е повисокото производство во преработувачкиот сектор (за 4,5%) и во снабдувањето со електрична енергија, гас и вода (за 14,9%).

*Во февруари 2003 година е регистриран висок месечен пораст на реализацијата и откупот на земјоделски производи*

Во февруари 2003 година[1], се регистрирани високи месечни стапки на пораст на реализацијата и откупот на земјоделски производи[2]. Така, продажбата на земјоделски производи од сопствено производство на земјоделските претпријатија и задруги, во февруари 2003 година изнесуваше 359 милиони денари, што е за 86,8% повеќе во однос на претходниот месец. Високиот месечен пораст главно се должи на зголемената реализација на индустриски растенија, млеко и млечни производи, градинарски растенија и алкохолни пијалоци. Сепак, реализацијата на земјоделските производи во периодот јануари-февруари 2003 година во споредба со истиот период од минатата година е намалена за 17,9%, условено од намалувањето кај речиси сите категории на производи (со исклучок на високиот пораст на реализацијата на млекото и млечните производи). Вкупната вредност на откупените земјоделски производи од индивидуалните земјоделски производители во февруари 2003 година изнесуваше 835 милиони денари, што во однос на претходниот месец претставува значително зголемување од 96,6%. Тоа главно е резултат на зголемениот откуп на индустриски растенија (најмногу поради откупот на тутунот) и откупот на добиток. На кумулативна основа е регистрирано намалување на вкупната вредност на откупените земјоделски производи за 52,9%.

*Месечен пораст на вкупниот промет во трговијата од 9,6% во февруари 2003 година*

Во февруари 2003 година[3] вкупниот промет во трговијата оствари пораст од 9,6% на месечна основа, при поизразен пораст на прометот во трговијата на мало (за 18,3%), во однос на порастот на прометот во трговијата на големо (за 3,7%). Поволни движења во трговијата се регистрирани и на годишна и кумулативна основа (пораст на вкупниот промет од 20,1% и 15,9% соодветно, при истовремен пораст на прометот во трговијата на мало и трговијата на големо).

Графикот 5
Промет во трговија
(во милиони денари)




[1] Последен расположлив податок.
[2] Податоците за реализацијата и откупот на земјоделските производи се прибираат со редовни месечни истражувања на Државниот завод за статистика, при што се следат 140 земјоделски производи.
[3] Последен расположлив и проценет податок.

***Вообичаен месечен пад на договорените градежни работи во февруари 2003 година***

Во доменот на градежништвото, за февруари е карактеристично намалување на договорените градежни работи во однос на првиот месец од годината, кој вообичаено има највисока вредност на договорени градежни работи. Така, вредноста на договорените градежни работи во февруари 2003 година[4] претставува само 6,1% од договореното во претходниот месец. Сепак, на годишна и кумулативна основа е регистриран пораст од 7,3% и 23,3%, соодветно. Истовремено, вредноста на извршените градежни работи забележа месечен, годишен и кумулативен пад (за 12,1%, 23,6% и 6,1%, соодветно).

Графикон 6
Договорени и извршени градежни работи
(во милиони денари)




[4] Последен расположлив податок.